# МАКЕДОНСКАТА КОМПАРАТИСТИКА *HIC ET NUNC*

(Кон *Книжевен контекст 5,* Скопје: Иститут за македонска литература, 2007)

Поднасловот „Компаратистиката пред предизвикот на денот“ на најновиот број на *Книжевен контекст,* приреден од страна на Наташа Аврамовска, Александар Прокопиев и Соња Стојменска-Елзесер, експлицитно укажува на стожерната преокупација која ги сплотува научните прилози и есеите – потребата да се согледа состојбата, статусот и актуелните прашања на оваа книжевно-научна дисциплина од денешна перспектива.

Првиот блок од зборникот го сочинуваат осумнаесет статии изложени на научната конференција *Компаративните студии денес,* одржана на 24 октомври 2006 година по повод 25-годишнината од основањето на Катедрата за општа и компаративна книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“. Осврнувајќи се на историјатот на компаративната книжевност во македонската академска средина, со посебен акцент на личниот влог на голем број еминентни професори компаратисти од земјата и од странтво, шефот на Катедрата за општа и компаративна книжевност д-р Маја Бојаџиевска во воведниот реферат констатира дека „подготвеноста за отворено промислување на новите методологии и дисциплини кои се во постојано преместување во однос на традиционалните оски на науката за книжевноста, останува, за среќа, и клучна особина на македонската компаратистика денес“.

Дека прашањата со кои денес се соочува македонската компаратистика се во дослух со актуелните епистемолошки пунктови во проучувањето на новата културна стварност сведочи прилогот на еминентниот француски компаратист д-р Жан Бесиер од Универзитетот Париз 3 – Нова Сорбона. Тезите на Бесиер се поткрепени со сознанијата што авторот ги стекнал како долгогодишен (почесен) претседател на Меѓународната асоцијација за компаративна книжевност (AILC/ICLA). Во прилогот „Компаративната книжевност пред нови предизвици“ акад. д-р Милан Ѓурчинов, основоположникот на книжевната компаратистика во македонската академската средина, се залага за баланс меѓу книжевната теорија и книжевната критика, потенцирајќи ја потребата за „критичка селекција, неопходни сериозни и релевантни оценки“ на засилената книжевна продукција. Прилогот на акад. д-р Ката Ќулавкова ги проучува врските меѓу општонаучните методи и богатата методолошка палета на книжевната наука и книжевната компаратистика, која произлегува од сознанието за неопходноста за социокултурна контекстуализација при проучувањето на книжевните феномени. Интердисциплинарната природа на компаратистиката е разгледувана во контекст на актуелните културални студии преку прилогот на д-р Јелена Лужина. За современите предизвици на компаратистиката сведочи и трудот на д-р Лилјана Тодорова, преку согледувањата на сознанијата од најновиот конгрес на AILC, одржан во Преторија, Јужна Африка. Феноменот на (не)вдоменоста како компаративистички концепт не само во методолошки ами и во културно-општествениот и академскиот контекст е проследен во прилогот на д-р Елизабета Шелева. Статијата на д-р Соња Стојменска-Елзесер, актуелен претседател на Друштвото за компаративна книжевност на Македонија, ја разгледува сликата за социјалната и научната релевантност на компаративните проучувања. Прилогот на д-р Звонко Танески ги проследува теориско-методолошките развојни патишта и контакти меѓу словачката и македонската компаративна школа. Во трудот на д-р Анастасија Ѓурчинова се споредува методолошката поставеност на четирите прирачници за општа и компаративна книжевост приопштени на македонски јазик: книгите на Диониз Ѓуришин, Даниел-Анри Пажо и Ив Шеврел, како и новоизлезениот зборник *Компаративна книжевност*, приреден од страна на италијанскиот компаратист Армандо Њиши, книга која е прво издание на Друштвото за компаративна книжевност на Македонија.

Значаен дел од истражувањата е фокусиран на интертекстуалните и интермедијалните проучувања во компаратистиката. Во прилогот на д-р Славица Србиновска е елаборирана релацијата меѓу наратологијата и теоријата на современата визуелна култура, со посебна нагласка на епистемологијата во проучувањето на врските меѓу литературата и филмската

уметност. Врските пак меѓу специфичниот компаратистички термин „влијание“ и импикациите на теоријата на интертекстуалноста врз современата компаратистика ги анализира прилогот на м-р Марија Ѓорѓиева. Основните предизвици при интермедијалните проучувања на релацијата книжевност – ликовни уметности се проследени во прилогот на д-р Владимир Мартиновски. Улогата на фотографијата во надреалистичката поетика, како и присуството на феноменот „визуелно испишана историја“ во најновите книжевни и филмски дела д-р Лидија Капушевска-Дракулевска ги анализира преку компаративното читање на Бретоновиот роман *Надја.* Студијата на д-р Јасмина Мојсиева-Гушева ги проучува загадочните врски меѓу ониризмот и асоцијативните механизми во градењето на надреалистичката поетска слика. Постхумно објавениот прилог на истакнатиот македонски компаративист д-р Билјана Ангеловска го анализира присуството и естетската продуктивност на митот во современата македонска поезија, преку поетските трансформации на митските теми во лириката на Веле Смилевски. Разледувајќи го народниот вез како „глобален семиотички знак“, м-р Софија Грандаковска прави (интер)семиотичка интерпретација на антологиската песна „Везилка“ од Блаже Конески. Феноменот на саможртвувањето, како и неговите морални импликации, низ споредбена перспектива е проследен во статијата на д-р Валентина Миронска-Христовска. Проникнувањето меѓу наратологијата и современата медиологија во проучувањето на актуелните културни феномени од ерата на електронските комуникации е елаборирана во трудот на м-р Сенка Анастасова.

Се чини дека синтагмата „предизвикот на денот“ ги обединува и деветте кратки но особено инспиративни есеи-колумни коишто го сочинуваат вториот блок. Случајно или не, тематскиот дијапазон во голема мера кореспондира со актуелните компаратистички и културални теми: односот регионално-национално во балканскиот книжевен контекст (Александар Прокопиев); проникнувањето на чинот на пишувањето и читањето (Драшко Милетиќ); улогата на националните митови и нивната (зло)употреба во контекст на националните идентитети (Илија Велев); критичкиот однос на писателот кон злосторствата на неговата епоха (Анастасис Вистионитис); потребата од суштествен интеркултурен дијалог меѓу Истокот и Западот, кој ќе се потпира врз вистински книжевни вредности а не врз предрасуди (Алида Бремер); незастареноста на темата за „несфатениот“ писател и во ова денешно време (Асли Ердоган); потребата за патување, подвижност, комуникација и потрага по другото како предуслов за себеразбирањето (Африм Реџепи); предизвиците при истражувањата на делата на нашите (живи и покојни) современици (Бела Глигорова); како и аномалиите со кои се соочува современиот начин на носење одлуки во услови на „хроничен недостиг на време“ и по принципот на надгласување (Лорета Георгиевска - Јаковлева)...

Конечно, да резимираме: како и во претходните изданија, најновиот (петти по ред) број на *Книжевен контекст* не само што ги отсликува предизвиците на македонската книжевна компаратистика *hic et nunc*, туку и ги навестува контурите на идните преокупации на оваа научна дисциплина.

**Владимир Мартиновски**